## СЕКТОР „ОБРАЗОВАНИЕ, ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА + ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИ“

# СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ДО 2024

## 10-ТИ СОСТАНОК

МЕСТО: **ZOOM платформа**

ВРЕМЕ: **16 март 2022, среда, 10.00-12.00 час**

# Трудово право

### Долгорочна цел:

Промовирање повеќе и подобри работни места за сите.

### Основни факти и податоци во областа:

- Во 2021 година, направена е измена на Законот за работните односи со која се отстрани можноста за продолжување на договорот за вработување до 67 години возраст со еднострана изјава на волја на работникот и се определи возрасна граница од 64 години и 15 години пензиски стаж, како кумулативни услови за престанок на работниот однос по основ на возраст на работникот.
- Се утврди недела како ден за неделен одмор за сите, со воведување на исклучоци во одредени дејности, во кои, поради потребата од континуитет на процесот и од неможноста за прекин на техничко-технолошкиот процес, работата ќе се одвива во недела и каде на работниците ќе им се исплатува додаток на плата за работа во недела.
- Во рамките на трипартитниот социјален дијалог на национално ниво, во 2022 година се донесоа измени и дополнувања на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, со кои се изврши промена на досегашните критериуми и методологија за исплата на минималната плата, со што се гарантира одржливост и континуиран раст на истата, сразмерно со покачувањето на продуктивноста на трудот.
- Усвоена е и Стратегија за промовирање и развој на волонтерството со Акциски план за нејзина имплементација.

### Работи во тек:

- Се подготвува нов Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, кој ќе овозможи прилагодување на барањата на современиот пазар на труд.
- Се воспоставува механизам за заштита на правата од работен однос на работниците чијшто работодавач е несолвентен, што претпоставува креирање на институционална инфраструктура и правна рамка.
- Продолжува процесот на усогласување на текстот на новиот Закон за работните односи со социјалните партнери, по што се предвидува одржување и на јавни дебати.

### Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

Донесување на:

- нов Закон за работните односи.
- нов Закон за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност.

### Активни донатори:

- Меѓународната организација на трудот (МОТ).
- УНДП и Швајцарска агенција за развој и соработка.
- Европска Унија – ИПА.

### За што има потреба од поддршка:

- Обуки за примена на новиот Закон за работните односи.
- Понатамошна имплементација на заштитниот механизам за работниците во случај на несолвентност на работодавачот.

# Социјален дијалог

### Долгорочна цел:

Создавање повеќе и подобри работни места преку процес на демократско управување и одржлив и инклузивен развој

### Основни факти и податоци во областа:

- Економско-социјалниот совет (ЕСС) непречено функционира одржувајќи седници, при што се разгледуваат голем број на прописи, документи и актуелни теми од економско-социјалната сфера. На повеќето седници во фокусот беа предложување и усвојување на политики за надминување на здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата со КОВИД-19.
- Бипартитниот социјален дијалог, особено во јавниот сектор, резултираше со склучување на колективни договори, покривајќи дејности од секторите на социјална заштита, детска заштита, култура и образование.
- Се спроведуваа активности поврзани со механизмот за мирно решавање на работни спорови; постапки за упис на синдикати и здруженија на работодавачи во Регистрите кои се водат во МТСП и активности поврзани со нормативна дејност во врска со социјалниот дијалог.

### Работи во тек:

- Во континуитет се одвива работата на Економско-социјалниот совет (ЕСС) одржувајќи редовно седници на кои се разгледуваат прописи и документи од економско-социјалната сфера.
- Во континуитет се реализираат и активности за понатамошна промоција, поддршка и развој на Економско-социјалните совети на локално ниво, јакнење и унапредување на нивната меѓусебна соработка - преку креирање на соодветна платформа за соработка која ќе овозможи размена на информации и меѓусебна споредба на искуства и практики, како и организирање на редовни заеднички средби.
- Се зајакнува учеството на ЛЕСС-те во креирањето и спроведувањето на локалните политики за вработување, преку нивно активно вклучување во склучувањето и следење на имплементацијата на Локални пактови за вработување.

### Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Понатамошно унапредување и зголемување на капацитетот и ефикасноста на работата на Економско-социјалниот совет и водење на активен дијалог со социјалните партнери за политиките од областа на економската и социјална сфера, како на национално, така и на локално ниво.
- Континуираното унапредување на механизмите за ефикасно функционирање на социјалниот дијалог на сите нивоа.
- Ќе продолжи зајакнувањето на капацитетите на социјалните партнери преку модернизирање на услугите на организациите на работници и работодавачи, што се очекува да има влијание и кон зголемување на членството и густината на синдикалното организирање и организирањето на работодавачите.
- Како среднорочен предизвик остануваат напорите да се изгради вистински и функционален социјален дијалог, односно да се поттикне зголемување на бројот на колективните договори на гранково ниво, зголемување на бројот на колективни договори на ниво на работодавач, понатамошното зголемување на видливоста и подобрување на функционирањето на Економско-социјалниот

совет.

- Континуирано ќе се промовира користење на воспоставениот и функционален систем за мирно решавање на работните спорови.
- Се очекува да се зголеми и бројот на препораки и мислења упатени од ЕСС до Владата на Република Северна Македонија.

**Активни донатори:**

- Европска Унија – ИПА.
- Меѓународната организација на трудот (МОТ).

**За што има потреба од поддршка:**

- Понатамошна поддршка во делот на јакнење на капацитетите на социјалните партнери (организациите на работодавачи и синдикатите), зголемување на членството и организираноста, модернизација на работата, влијанието.
- Понатамошна поддршка на работата и функционирањето на трипартитните структури за консултации и социјален дијалог, проширување и продлабочување на нивната работа и делување.
- Промовирање и поддршка во воспоставувањето на Локални партнерства за вработување – како важна алатка за подобрување на состојбите и адресирање на предизвиците на пазарот на труд на локално ниво.
- Промовирање и јакнење на бипартитниот социјален дијалог помеѓу работниците и работодавачите, пред сè во приватниот сектор.

# Безбедност и здравје при работа (БЗР)

### Долгорочна цел:

- Подобро здравје на работа и подобар квалитет на животот на работниците.
- Воспоставување и унапредување на системите за БЗР со што ќе се овозможат безбедни услови при работа.

### Основни факти и податоци во областа:

- Редовно функционирање на Националниот Совет за безбедност и здравје при работа, разгледување и дискутирање релевантни и актуелни теми и прашања од областа на БЗР. Активна вклученост на сите засегнати страни и субјекти во активности за подигнување на свеста и јакнење на капацитетите за БЗТ – во овој период, посебно со акцент на заштитата и справувањето со последиците поврзани со пандемијата на Covid-19.
- Постепено јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд во однос на БЗР, преку ангажирање на нови инспектори и подобрувања во работата.
- Усвоена нова Стратегија за БЗР 2021-2025, со Акциски план за БЗР за периодот 2021-2023 (ги утврдува основните национални стратешки правци и приоритетите за наредниот период во однос на развојот и унапредувањето на безбедноста и здравјето на работните места во Република Северна Македонија).

### Работи во тек:

- Имплементација на стратешките приоритети и активности од новата Стратегија и Акциски план за БЗР;
- Отпочнат процес на ревидирање и унапредување на законската рамка во делот на БЗР (нов Закон за БЗР) – широки консултации со сите релевантни субјекти во областа.
- Зајакнато промотивно делување во областа на БЗР (подобрена видливост преку web-страна, настани за одбележување на значајни датуми за БЗР, награди за успешни компании во областа, учество во БЗР кампањи, интензивирана соработка со европската агенција – EU-OSHA…).

### Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Имплементација на Стратегијата и Акцискиот план за БЗР.
- Финализирање на процесот на подобрување и унапредување на законската рамка и усвојување на нов Закон за БЗР. По тоа, ќе следува и ревидирање и подобрување (каде што е потребно) на подзаконската регулатива (правилници) во областа.
- Промовирање, поттикнување и јакнење на културата на превенција на работните места и свеста за улогата на сите субјекти (посебно на работниците, работодавачите и останатите) во обезбедувањето на поздрава и побезбедна работна средина и придобивките од тоа.

### Активни донатори:

- Европска унија – ИПА.
- Меѓународната организација на трудот (МОТ).
- Фондација Фридриг Еберт (FES – Friedrich Ebert Stiftung).

### За што има потреба од поддршка:

- Адресирање на еден од најгорливите предизвици во областа на БЗР – подобрување на информацискиот систем за БЗР во државата (унапредување,

рационализирање на системот на собирање податоци, статистика и известување за несреќи и повреди при работа и за професионални болести во согласност со меѓународно признаените методологии во овој дел; Јакнење на капацитетите за анализи и употреба на податоци поврзани со БЗР и за креирање политики за БЗР базирани на докази).

- Понатамошно јакнење на капацитетите на сите засегнати страни (пред сè на ДИТ, институциите, социјалните партнери, но и на другите субјекти) за подобрено и современо дејствување во областа на БЗР.
- Поддршка во организирање на промотивни и други активности за зголемување на свеста и знаењето на општата јавност и на сите релевантни субјекти за потребата, ефектите и придобивките од градењето на ефикасни системи за БЗР на работните места.
- Поддршка во креирање на алатки и методи за промовирање на БЗР, пред сè во малите и средни претпријатија.

# Вработување, со фокус на вработување на младите

## Долгорочна цел:

Намалување на невработеноста на младите.

## Основни факти и податоци во областа:

- Република Северна Македонија е прва земја од земјите на Западен Балкан кои ја воведоа и применија Гаранцијата за млади. Почнувајќи од 2019 година Гаранција за млади се имплементира на територија на цела држава со посебен акцент на три региони (Североисточен, Полошки и Југозападен од аспект на број на НЕЕТ).
- Во 2021 година, 19.318 лица се вклучиле во Гаранцијата за млади, од кои 6.973 се вработиле, а 920 лица биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување кои не водат кон директно вработување, но ја зголемуваат нивната вработливост. Од вкупниот број на лицата кои се вработиле, 810 лица се вработиле преку учество во некоја од активните мерки за вработување, 574 лица биле вработени преку услугата за посредување при вработување. Согласно овие податоци, успешноста на Гаранција за млади во 2020 година изнесува 41%.

## Работи во тек:

- Проценка на успешноста на Планот за Гранција за млади 2018-2022.
- Подготовка на нов План за Гаранција за млади за период 2023-2025 година согласно со препораките Европскиот совет за „Зајакната Гаранција за млади“.

## Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Успешна имплементацијa на Планот за Гаранција за млади 2023-2025 година и што поголем опфат млади невработени лица, преку зголемен опфат на лица во активните програми и мерки за вработување кои се креираат на годишно ниво.
- Поголем износ на средства наменети за активните програми и мерки за вработување.
- Поголема поддршка за теренски активности[1] како еден од носечките столбови во рамки на Планот за Гаранција за млади.
- Унапредување на услугите на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, вклучително нивно дигитализирање.

## Активни донатори:

- Меѓународната организација на трудот (МОТ).
- Европска Унија – ИПА.
- Швајцарска агенција за развој и соработка и УНДП.
- Федерално Министерство за социјални прашања, здравство, заштита и заштита на потрошувачите на Република Австрија.

## За што има потреба од поддршка:

- Поддршка во процесот на обезбедување на одржлива интеграција на пазарот на труд на младите лица (15-29) во Република Северна Македонија, пред сè преку унапредување, зајакнување и подобрување на спроведувањето на

[1] Теренски активности ги спроведуваат младински граѓански организации. Целта е преку теренски младински работници да се анимираат НЕЕТ млади, да ги мотивираат да се вклучат во Гаранција за млади или пак да ги придружуваат до Центрите за вработување за да се пријават и вклучат во Гаранцијата за млади.

програмата за „Гаранција за млади“. Развивање, дизајн и имплементација на специфични таргетирани мерки и програми на пазарот на труд (активација, вработување) наменети за младите лица – NEETS.

- Подобрување на деловните процеси на Агенцијата за вработување и надградба на информатичкиот систем, особено во делот на регистрирањето во Гаранцијата за млади, статистичко профилирање на кандидатите, следење на дадените услуги, поврзување со слободните работни места.
- Поддршка во креирањето и следењето на политиките за вработување, особено тие кои се насочени и наменети за ранливите категории на население, како што се долгорочно невработените, жените, лицата од руралните делови, припадниците на Ромската и други етнички заедници, социјално загрозените лица – корисници на гарантирана минимална помош итн.

*(повеќе информации во делот Социјална заштита и инклузија (активација))*

# Социјална заштита и инклузија (активација)

### Долгорочна цел:

- Намалување на уделот на лица во ризик од сиромаштија и социјално исклучување (18 проценти до 2027).
- Активација и социјалната инклузија на ранливите групи на пазарот на труд (жените, долгорочно невработените, корисниците на социјална помош, лицата со попреченост, нискоквалификуваните лица).

### Основни факти и податоци во областа:

- Зголемен опфат на корисници во системот на социјална заштита: 35.858 корисници на ГМП во декември 2021споредено со 25.095 во 2019 (раст од 45%).
- Зголемен опфат на деца во системот на заштита на децата: 21.886 корисници во 2021 споредено со 3.724 корисници во 2018 (раст од 488%).
- Правото на додаток за образование го користат 28.749 ученици од основно и од средно училиште.
- „Семејниот пакет" на надоместоци придонесе за ублажување на сиромаштијата кај семејствата со деца на образовна возраст.
- Активација на корисниците на гарантирана минимална помош (ГМП).
    - Изработени 3.300 индивидуални планови за активирање на корисници на ГМП.
    - 1.075 корисници беа вклучени во активни мерки за вработување од воведувањето на гарантираната минимална помош.
    - Воспоставена електронска размена на информации помеѓу службите за вработување и социјална заштита.

### Работи во тек:

- Се подготвува Национална програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 година, при што во делот на паричните права од социјална заштита ќе се превиди:
    - зајакнување на активацијата на корисниците на ГМП преку интензивирање на активностите за вклучување на пазарот на трудот.
    - јакнење на механизмите за мониторинг и евалуација на мерките за активација на корисниците на ГМП заради доследна имплементација.
    - подобрување на системите за електронска евиденција (социјален регистар) на корисници на парична помош од социјална заштита.
- Тестирање на услуги за поддржано вработување (пр. услуги на психо-социјална поддршка и мотивација, менторство при вработување).
- Спроведување активни мерки за вработување што ги таргетираат корисниците на ГМП.
- Спроведување активни мерки за обуки и поддршка за (само)вработување на невработени лица за обезбедување на услуги на грижа во заедницата.
- Се подготвува оценка на влијанието на социјалните надоместоци врз активацијата на корисниците на ГМП.
- Унапредување на методологијата за профилирање и пристапот за проценка на вработливоста на корисниците на ГМП.

## Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Зајакнување на капацитетите на стручните лица во ЦСР и АВРСМ за спроведување на активацијата на корисници на ГМП, како и за мониторинг и евелуација на активностите за активација на корисниците на минимална гарантирана помош на пазарот на трудот.
- Унапредување на соработката помеѓу АВРСМ и ЦСР за изготвување и реализација на индивидуален план за активација на корисниците на ГМП.
- Креирање законска рамка со можности за обезбедување услуги за поддржано вработување од различни даватели на услуги.
- Зголемување на опфатот на корисниците на ГМП и други ранливи групи во услугите за поддржано вработување (советување и менторство).
- Зајакнување на капацитетите за давање на услугите за поддржано вработување (советување и менторство).
- Спроведувањето на наменски услуги и програми за вработување придонесува кон социјалната инклузија на ранливите групи на пазарот на труд (младите, жените, долгорочно невработените, корисниците на социјална помош, лицата со попреченост, нискоквалификуваните лица).
- Разработка на нов модел за вработување на лицата со попреченост со цел поголема вклученост на лицата со попреченост на пазарот на труд.

## Активни донатори и финансиски институции:

- УНДП.
- Европска Унија – ИПА.
- Светска Банка.
- Швајцарска агенција за развој и соработка.
- Федерално Министерство за социјални прашања, здравство, заштита и заштита на потрошувачите на Република Австрија.

## За што има потреба од поддршка:

- Воспоставување на систем за следење и евалуација на мерките за активација.
- Развој на капацитети за давање на услугите за поддржано вработување од различни даватели на услуги.
- Спроведување на наменски услуги и програми за вработување придонесува кон социјалната инклузија на ранливите групи на пазарот на труд.

# Социјално претприемништво

### Долгорочна цел:

Развој на социјалните претпријатија и создавање на отпорен и одржлив еко-систем за социјалното претприемништво.

### Основни факти и податоци во областа:

- Околу 600 ентитети во Република Северна Македонија вршат економски активности во доменот на социјалната економија.
- Донесена првата Национална стратегија за поддршка на социјалните претпријатија 2021-2027 со Акциски план.
- Отворен Национален центар за социјални претпријатија со контакт точки во осумте плански региони.
- Објавен прв повик за грантови за поддршка на социјалното претприемништво.

### Работи во тек:

- Се подготвува Закон за социјални претпријатија.
- Обезбедување финансиска и техничка поддршка за социјалните претпријатија.

### Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Олеснување на пристапот до финансии за социјалните претпријатија, особено на оние кои се фокусираат на подобрување на можностите за вработување за ранливото население, вклучително и лицата со попреченост.
- Унапредување на капацитетите и координацијата на структурите и организациите што обезбедуваат поддршка на социјалните претпријатија.
- Поддршка, учење и градење на капацитетите на социјалните претпријатија.
- Овозможување пристап до и развој на пазари за социјални претпријатија.

### Активни донатори:

- Европска унија – ИПА.
- Швајцарска агенција за развој и соработка.
- УНДП.

### За што има потреба од поддршка:

- Воведување на финансиски инструменти/продукти за поддршка на социјалните претпријатија.
- Зајакнување на капацитетите на структурите и организациите што обезбедуваат поддршка на социјалните претпријатија.
- Градење на капацитетите на социјалните претпријатија и на клучните чинители во екосистемот.
- Поттикнување на вмрежување меѓу социјалните претпријатија и приватниот секторот.

# Социјални услуги и деинституционализација

## Долгорочни цели:

- Вклучување на сите.
- Подобрување на достапноста на разновидни висококвалитетни услуги во заедницата прилагодени на карактеристиките и потребите на корисникот.

## Основни факти и податоци во областа:

- Креирана сеопфатна правна рамка за давање и финансирање на социјални услуги.
- 62 лиценцирани даватели на социјални услуги (здруженија на граѓани и приватни субјекти) со капацитет да опслужат околу 2.700 корисници.
- 7 управни договори со здруженија и приватни даватели на социјални услуги за давање на социјални услуги (лична асистенција, живеење со поддршка, третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности и услугата за стручна помош и поддршка).
- Воспоставени три центри за поддршка на загрижувачките семејства.

  327 загрижувачки семејства во кои се сместени 559 корисници.
- Воведен нов модел за функционална проценка на деца и млади до 26 години, согласно Меѓународната класификација на функционирање - МКФ).
- Спроведени мерки за поддршка и градење на капацитетите на општините за креирање и спроведување на ефикасни локални политики и за обзбедување квалитетни и ефикасни социјални услуги.
  - 18 општини беа поддржани за воспоставување на нови социјални услуги.
  - 12 општини подготвија планови за социјална заштита.
  - Изработени насоки за планирање на социјалните услуги на регионално ниво и за функционирање на советите за социјална заштита.
- Воспоставена стратешка рамка за зајакнување на систематскиот пристап за превенција и заштита на децата од насилство (2020-2025) и Акцискиот план (2020-2022).

## Работи во тек:

- Се подготвува Национална програма за развој на социјалната заштита 2022-2032. За натамошен развој на социјалните услуги се предвидува да бидат поставени посебни цели за:
  - Зајакнување на надзорот, супервизијата, мониторингот и евалуацијата на социјалните услуги и усвојување соодветни механизми и инструменти,
  - Развивање на стандарди за квалитет за сите социјални услуги и мерки за зајакнување на општините за обезбедување социјални услуги.
- Воспоставување совети за социјална заштита во планските региони.
- Трансформација на Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје (Топанско Поле) во современ центар за рана идентификација и интервенција, за дневни развојни услуги за деца и лица со попреченост и за професионална рехабилитација.
- Воспоставување на нови станбени единици.
- Се подготвува тригодишен акциски план за имплементација на Националната стратегија за деинституционализација (2018-2027) „Тимјаник".

### Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Натамошен развој и унапредување на социјалните услуги и вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување.
  - Обезбедување средства за финансирање на социјални услуги од општините и други даватели на социјални услуги ( здруженија, физички и правни лица).
  - Зајакнување на капацитетите на давателите на социјални услуги.
- Зајакнување на системот за следење, надзор и гарантирање на квалитет на социјалните услуги за сите видови социјални услуги предвидени во Законот за социјална заштита.
- Зајакнување на капацитетите на стручните лица во системот на социјална заштита.
- Развивање и ставање во употреба на нов софтвер којшто ги интегрира паричните надоместоци и услугите од социјалната заштита.
- Продолжување на процесот на трансформација на социјалните резиденцијални установи во современи даватели на услуги во заедницата, како и обезбедување услуги согласно потребите на корисниците и превенција од институционализација.
- Зајакнување на систематскиот пристап за превенција и заштита на децата од насилство.

### Активни донатори и финансиски институции:

- УНДП.
- УНИЦЕФ.
- Европска Унија - ИПА, ЕаСИ.
- Светска Банка.
- Амбасада на Народна Република Кина.
- Федерално Министерство за социјални прашања, здравство, заштита и заштита на потрошувачите на Република Австрија.

### За што има потреба од поддршка:

- Планирање и воспоставување на социјални услуги од општините и други даватели.
- Зајакнување на механизмите за обезбедување квалитет на социјални услуги (мониторинг, евалуација и супервизија на социјални услуги).
- Зајакнување на капацитетите на давателите на социјални услуги.
- Зајакнување на капацитетите на стручните лица во системот на социјална заштита.

# Пензиско и инвалидско осигурување

## Долгорочна цел:

Квалитетен живот за постарите лица.

## Основни факти и податоци во областа:

- На крајот на 2020 година имало 571.863 осигуреници, додека бројот на корисниците на пензија изнесуваше 326.295 корисници, или во сооднос 1,75 осигуреници на 1 пензионер.
- Во првото полугодие на 2021, пензиите се усогласија со 722 денари, додека во второто полугодие со 0.6%.
- Просечната пензија во декември 2020 изнесувала 15.483 денари.
- 395 пензионери биле сместени во 380 станови во пензионерските домови (декември 2021).

## Работи во тек:

- Подобрување на квалитетот на услугите во администрирањето на социјалното осигурување, како и зајакнување на регулаторната рамка за лицата со попреченост и опасни занимања.
  - Подготовки за формирање на Централен регистар на социјално осигурени лица (SURS).
  - Модернизацијата на пензиската администрација.
  - Подготовки за формирање на Централна координативна единица за сертификација на инвалидност (CDCCU).
  - Реформирање на системот за вработување на лица со попреченост и формирање на Националниот регистар на лица со попреченост.
  - Ревидирање на листата на работни места со бенефициран стаж.

## Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Воспоставување интегриран систем за социјално осигурени лица.
- Унапредување и модернизирање на системот за вработување на лица со попреченост.
- Модернизирање на деловните процеси во Фондот на ПИОСМ.
- Подобрување на пристапот до домување за старите лица преку развој и имплементирање на нов модел на управување со пензионерските домови.

## Активни донатори и финансиски институции:

- Светска Банка.
- Швајцарска агенција за развој и соработка и УНДП.
- Европска Унија - ИПА.

## За што има потреба од поддршка:

- Мерки за остварување на правото на социјална заштита на старите лица:
  - подобрување на системот на управување со пензионерските домови, вклучително надзор и ревизија.
  - подобрување на условите за живеење на резидентните во пензионерските домови преку реконструкција и опремување.
- Спроведување на модернизираниот систем за вработување на лица со

попреченост.

# Заштита на децата

### Долгорочна цел:

- Обезбедување услови за раст и развој на секое дете.
- Еднаков пристап до квалитетно предучилишно згрижување, воспитување и образование (за 50% поголем опфат на деца од предучилишна возраст од 3-6 години во предучилишно згрижување, воспитување и образование).

### Основни факти и податоци во областа:

- Од 2017 до март 2022, капацитетот за згрижување на децата е зголемен за вкупно 3.850 деца; отворени се вкупно 65 објекти, групи во други просторни услови. Со тоа:
    - Вкупен расположлив капацитет за 32.556 деца на возраст до шест години.
    - 32.459 деца на возраст до шест години се вклучени во некоја од формите на предучилишно згрижување и образование.
    - 27.538 деца на возраст од три до шест години се вклучени во некоја од формите на предучилишно згрижување и воспитание.
- Се укинаа посебните групи на деца со пречки во развојот во детските градинки и се промовираше инклузивно згрижување и воспитание за деца со попречености.
- Се инвестира и во подобрување квалитетот на предучилишното образование и на јакнење на капацитетите на кадарот којшто се грижи за децата.
    - Се развија стандарди на квалификации и компетенции за вработените во градинките.
    - Се подготви методологија, процедури и инструменти за управување со професионалниот развој, како и концепт на процедури и постапки за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионален развој на сите стручни профили вработени во детските градинки.
    - Се разви концепт за менторство на приправници во детски градинки.

### Работи во тек:

- Изменување и дополнување на Законот за заштита на децата од аспект на дигитализација и заштита на лични податоци.
- Зголемување на капацитетите на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со цел вклучување поголем број на деца во предучилишното образование.
    - Проширување на капацитетите за опфат од околу 1900 деца во следните 15 општини: Сопиште, Василево - с.Анѓелци, Чаир, Берово, Велес, Ѓорче Петров, Прилеп, Кочани, Струмица, Ѓорче Петров-Волково, Крива Паланка, Валандово, Карпош 3, Пробиштип и Аеродром (инвестиција на општината).
- Унапредување на квалитетот на раното учење и развој во предучилишните установи.
    - надградба на моделот за кариерен развој, базиран на дефинирани стандарди, за секој профил од стручните лица.
    - подготовка на законска рамка за регулирање на професионалниот и кариерниот развој на вработените во детски градинки.

- ревидирање на моделот на (ре-) лиценцирање на стручните лица во дејноста за згрижување и образование на децата од предучилишна возраст.

### Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Дополнително зголемување на опфатот од околу 1450 деца во 12 општини: Свети Николе-с.Ерџелија, Росоман, Битола, Арачиново, Липково, Гостивар, Тетово, Теарце, Могила, Дебар, Гевгелија, Карпош, како и нови проекти за детски градинки кои ќе бидат одобрени во Програмите за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во следните години.
- Инвестирање во подобрување на квалитетот во предучилишното воспитание и образование преку обука на вработените во детските градинки.
- Унапредување на квалитетот на програмите во градинките, како и проширување на пристапот до квалитетни услуги за ран детски развој, со посебно внимание кон децата во социјален ризик од материјална необезбеденост, децата со посебни потреби и деца од ромски семејства.

### Активни донатори и финансиски институции:

- Европска Унија - ИПА.
- Светска Банка.
- УНИЦЕФ.
- Амбасада на Обединетото Кралство.

### За што има потреба од поддршка:

- Дополнителни инвестиции за зголемување и проширување на капацитетите во детските градинки преку изградба, доградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита.
- Имплементација на Законот за заштита на децата, во делот на дигитализација на услугите/ правата од заштитата на децата со цел давање на квалитетни, брзи и лесно достапни услуги со постојано техничко надградување, како и во делот на воспоставување на систем за континуиран професионален развој на стручните лица вработени во предучилишните установи.
- Континуирано јакнење на капацитетите на вработените во детските градинки со цел подобрување на квалитетот на предучилишните услуги, преку нови и иновативни методи и алатки за развој на децата.

# Родова еднаквост

### Долгорочна цел:

Унапредување на правата на жените и нивното учество во политичкиот, економскиот и јавниот живот.

### Основни факти и податоци во областа:

- Усвоен Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство од Собранието на Република Северна Македонија во согласност со Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција).
- Зајакнат систем за помош, поддршка и заштита на жените од насилство и жртвите на семејно насилство:
    - воспоставени 7 советувалишта за психо-социјален третман за сторители на семејно насилство,
    - изготвена програма за психо-социјален третман со сторители на семејно насилство, и
    - реализирана обука за обучувачи за постапување со жени и деца жртви на насилство, сторители на семејно насилство, како и за подигнување на свеста на стручните работници.
- Усвоена Стратегија за родова еднаквост 2021 – 2026 од Владата на Република Северна Македонија во август 2021 година, која е во собраниска процедура.
- Отворен Ресурсен центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање на Република Северна Македонија.

### Работи во тек:

- Се изработуваат подзаконски акти за Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.
- Кампања и обуки за родово базирано насилство врз жени и семејно насилство.
- Се подготвуваат Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024 и Оперативни планови за 2022.
- Се изработува нов Закон за родова еднаквост и оценка на усогласеноста со меѓународните и европски стандарди.
- Се пресметува вториот Индекс за родова еднаквост за Северна Македонија.

### Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Воспоставување на база на податоци за родово базирано насилство врз жени и семејно насилство.
- Развој на сервиси за жените жртви на родово-базирано насилство.
- Усвојување на Законот за родова еднаквост и изработка на подзаконски акти, како и имплементација на дефинираните законски одредби.
- Ефикасно функционирање на Ресурсниот центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање.

### Активни донатори:

- УН Жени.
- УНФПА.
- Амбасада на Кралството Холандија.

- Европска Унија - ИПА.
- Федерално Министерство за социјални прашања, здравство, заштита и заштита на потрошувачите на Република Австрија.
- Кралство Шведска/ СИДА.
- Швајцарија/ Швајцарска агенција за развој и соработка.

**За што има потреба од поддршка:**

- Имплементација на дефинираните одредби од Законот за родова еднаквост.
- Обуки за имплементација на новиот Закон за родова еднаквост на централно и локално ниво.
- Унапредување на статусот на жените во руралните средини.
- Воведување на родовите принципи во генералните политики за климатските промени во различни области (одлагање на отпад, транспорт, екологија, животна средина, и др.).
- Креирање и воспоставување на софтверско решение за база на податоци за родово базирано насилство врз жени и семејно насилство, како и понатамошна меѓу-институционална примена,

# Недискриминација

### Долгорочна цел:

Остварување на правото на еднаквост и создавањето на еднаквите можности за сите луѓе во сите области од општественото живеење.

### Основни факти и податоци во областа:

- Донесен нов Закон за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) во октомври 2020.
- Формирана независна Комисија за заштита од дискриминација во јануари 2021 и значително зајакнување на капацитетите на Комисијата, од аспект на стручна служба и простор.

### Работи во тек:

- Во завршна фаза е изработката на Национална Стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 и Оперативен план 2022-2024.
- Се подготвува нов Закон за спречување и заштита од вознемирување на работа, чија нацрт верзија е во фаза на меѓу-институционално разгледување.
- Се изработуваат е -модули за обука за недискриминација.

### Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Изработка и усвојување на подзаконски акти поврзани со спроведување на Законот за спречување и заштита од вознемирување на работа.
- Имплементација на Оперативен план за еднаквост и недискриминација 2022-2024.
- Формирање и функционирање на Национално координативно тело за еднаквост и недискриминација.
- Хармонизација на законската регулатива со ЗСЗД.

### Активни донатори:

- ОБСЕ.
- Совет на Европа.
- Европска Унија - ИПА.

### За што има потреба од поддршка:

- Изработка на подзаконски акти за Закон за спречување и заштита од вознемирување на работа, како и нивна имплементација.
- Обуки за имплементација на новиот Закон за спречување и заштита од вознемирување на работа, на национално и локално ниво.
- Кампања за подигање на јавна свест за превенција од различните форми на дискриминација и правните и институционални можности за заштита.

# Интеграција на Ромите

## Долгорочна цел:

Унапредување на социо-економската, правната положба, културните и јазични права на Ромите преку обезбедување на соодветен и правичен пристап до јавните добра и услуги.

## Основни факти и податоци во областа:

- Во учебната 2021/2022 година, 420 деца Роми посетуваат градинки во 15 општини (Берово, Битола, Виница, Прилеп, Чаир, Делчево, Кочани, Куманово, Велес, Пехчево, Дебар, Центар, Кавадарци, Крива Паланка и Радовиш).
- Осумте Ромски информативни центри (РИЦ) (Гостивар, Кичево, Делчево, Кочани, Виница, Неготино, Битола, Шуто Оризари) обезбедиле 2.497 услуги во 2021, со фокус на социјалните услуги.
- Донесен Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени.
    - до крајот на јануари 2022 поднесени се вкупно 318 барања за упис во посебната матична книга на родените, а запишани се 292 лица.
- 15 дислоцирани семејства (96 лица, 36 возрасни и 60 деца) се сместени во привремените живеалишта во Визбегово. Осум семејства користат ГМП, детски и образовен додаток; четири лица се вработиле, додека 22 работоспособни лица се пријавуваат во АВРСМ како активни баратели на работа. 30 деца посетуваат настава.
- Програмата РОМАКТЕД фаза 2 се спроведува во 15 општини во кои се формирани акциски групи во заедниците.
    - подигнување на свеста кај локалната ромска заедница за заштита на личното и јавното здравје од корона вирусот.
    - обуки на партнерските општини за ромскиот идентитет и борба против антициганизам, за стратешко планирање и граѓанско учество на локално ниво.
- Усвоена програмска рамка за активности за трансформација на непријавената работа помеѓу Ромите (Промоција на декларирана работа кај Ромите 2021-2023).
- Во три општини се пилотираат активности за поддршка на ефективната социоекономска интеграција на (Ромите) повратници на Западен Балкан, на национално и локално ниво.
- Усвоена Стратегија за интеграција на Ромите 2022-2030, за делување во приоритетните области.
- Усвоен Националниот акционен план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022-2024.

## Работи во тек:

- Јакнење на капацитети на институциите на локално ниво за имплементација на Законот за лица неевидентирани во матична книга на родени.
- Креирање посебна мерка за вработување на жените Ромки, во соработка со граѓанско здружение.
- Креирање мерки при подготовка и понатамошна имплементација на националните акциони планови за приоритетните области од Стратегијата за интеграција на Роми 2022-2030.
- Поддршка на интеграцијата на повратниците, преку скроени мерки за нивна

активација на пазарот на труд.

### Среднорочни приоритети и таргети до 2024:

- Надминување на постојните пречки за универзален пристап до граѓанска документација и регистрација, како и за признавање или олеснето стекнување на државјанство.
- Трансформација на непријавената работа помеѓу Ромите, преку различни скроени мерки на пазарот на труд.
- Зголемување на бројот на деца Роми во предучилишно образование.
- Подобрување на условите и пристапот до домување за Ромите.
  - Ревидирање на социјалното мапирање за реалната состојба во ромските населби.
  - Обезбедување на трајно, пристојно, достапно и десегрегирано домување за Ромите кои живеат во неформални населби преку подобрено урбанистичко планирање и легализација на живеалиштата.
- Олеснување на пристапот до информации и социјални услуги во заедницата.
  - Завршување на процесот на трансформација на статусот на Ромските информативни центри (РИЦ) и нивно интегрирање во центрите за социјална работа (ЦСР).

### Активни донатори:

- Европска Унија – ИПА.
- Ромски едукативен фонд (РЕФ).
- УНДП.
- Швајцарска агенција за развој и соработка.
- УНХЦР.
- Совет на Европа.
- ОБСЕ.
- Федерално Министерство за социјални прашања, здравство, заштита и заштита на потрошувачите на Република Австрија.
- Интеграција на Роми 2020 – Регионален совет за соработка.
- Швајцарија/ Швајцарска агенција за развој и соработка.

### За што има потреба од поддршка:

- Инвестиции до урбанистичко-просторно планирање на населените места во насока за долгорочно решавање на проблемот на домување кај Ромите.
- Имплементација на мерки од Националните акциони планови од Стратегијата за интеграција на Роми во приоритетните области.
- Имплементација на мерки од Националниот акционен план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022-2024.